РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2819/2
20-11-2025 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 25-тата седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2819/1 од 21.10.2025 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што нема основ за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата со прилозите да се достават на надлежност на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-2819/1 од 21.10.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на познат подносител, на ден 21.10.2025 година е поднесена пријава во која се изразува незадоволство од постапувањето на судии во судски постапки што се воделе во Основниот граѓански суд ---- и Апелациониот суд ----. Подносителот бара да се спроведе темелна и независна проверка на следните предмети на Основниот граѓански суд ---- (6 П1 бр. ----; 6 П1 бр. ----; П1 бр. ----) и на Апелациониот суд ---- (ГЖ бр. ----; ГЖ бр. ----), во поглед на законитоста на постапките.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно со членот 36 став 1 од Законот за судскиот совет („Службен весник на РСМ", бр. 102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

По разгледувањето на пријавата, Државната комисија констатира дека надлежен орган да постапува по истата е Судскиот совет на Република Северна Македонија, поради што одлучи пријавата со прилозите да ги испрати на надлежно постапување на Судскиот совет.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.С.М Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата